Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации („Сл весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на Седницата одржана на 14.11.2023 година ја донесе следната

**НАЦРТ-ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО 2024 ГОДИНА**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Соработка со граѓанскиот сектор во согласност со можностите;
- Создавање услови за поддршка при реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани;
- Афирмација на Општина Велес како општина со развиена мрежа на НВО и фондации.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор;
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженија на граѓани;
- Давање поддршка на проекти и проектни идеи кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
- Создавање можности на здруженијата на граѓани за остварување соработка и добивање на грантови и финансиски средства од меѓународни организации и институции;
- Воспоставување соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување;
- Здруженија што го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

| **Нацрт- Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2024 година** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **1.450.000,00** |
| 1.1. | Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности | 1.450.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **1.450.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појаваат во текот на 2024 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес ќе ги помага активностите на граѓанскиот сектор со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати и слично на теми што се од јавен интерес;
- Поддршка при организирање кампањи;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насоките кон сферите на делување на општината.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила нареден ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде дадена на јавна расправа.

Број 25-4676/26
15.11.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков